МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

**Извештај на Комисијата за доделување на наградата**

**„НИКОЛА МЛАДЕНОВ“**

**за најдобра истражувачка сторија во 2019 година**

Во рамки на заложбите на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) за поддршка на истражувачкото новинарство, Комисијата за избор на најдобрата истражувачка сторија за 2019 година, во состав:

- **Сања Васиќ, уредничка во ТВ Телма**
- **Љупчо Поповски, главен и одговорен уредник на „Независен весник“**
- **Сефер Тахири, професор на Институтот за комуникациски студии и на Универзитетот на Југоисточна Европа**
- **Зоран Ќука, раководител на македонската редакција на „Радио Слободна Европа“**
- **Билјана Петковска, директорка на МИМ**

**ДОНЕСЕ ОДЛУКА**

**Првата награда за најдобра истражувачка сторија во 2019 година да му се додели на Владо Апостолов за истражувачката сторија на тема:**

***„Жив и надграден: Лукративниот бизнис-клуб околу РЕК Битола“*, објавена на интернет-страницата „Призма“.**

Сторијата открива како се злоупотребува системот на јавни набавки за внесување фирми блиски на власта во профитабилниот бизнис за ископ на јаглен за потребите на термоелектраната РЕК Битола. Во истражувањето, новинарот обелоденува милионските загуби за државата, поради одложувањето на изборното ветување од 2016 година за државна механизација која би ја анулирала потребата од ангажирање на приватни фирми да го копаат јагленот.

Комисијата истакнува дека новинарот обработил исклучително значајна тема од јавен интерес, поврзана со нетранспарентно трошење на буџетски средства. Исто така,

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

жирито смета дека објавувањето на сторијата и реакциите во јавноста придонеле раководството на РЕК Битола да започне постапката за набавка на помошна механизација за ископ на јаглен.

**Втората награда во изборот за најдобра истражувачка сторија за 2019 година им се доделува на Мери Јордановска и Кристијан Ландов, за серијалот текстови на тема:**

***„Злоупотреби на пратеничките привилегии“*, објавен на интернет-страницата „А1он“.**

Сторијата разоткрива злоупотреби од страна на пратениците од внатрешноста на земјата, при изнајмувањето станови во Скопје, платени од буџетот. Преку темелно и сеопфатно истражување, новинарите успеале да обезбедат бројни документи и изјави од сите засегнати, а по објавувањето на сторијата, соочени со притисокот од јавноста, дел од пратениците ги откажале изнајмените станови.

Комисијата смета дека станува збор за исклучително значајна тема поврзана со пратеничките привилегии која е една од темите што будат голем интерес во јавноста, затоа што станува збор за трошење на високи суми народни пари.

**Третата награда за најдобра истражувачка сторија за 2019 година им се доделува на Катерина Спасовска Трпковска и Бранислав Закев за анимираната видео-сторија на тема:**

***„Ѕирни во џебот на државата“*, објавена на онлајн-магазинот „Балкон3“.**

Преку истражување на јавните набавки на 15-те институции со најголеми буџети во период од 2015 до 2018 година, како и на ревизорските извештаи, новинарите утврдиле бројни неправилности, злоупотреби и неоправдани трошења на јавни пари, како што се: набавка на фото и видео опрема од Владата, сообраќајни проекти што не функционирале, двојно поскапи договори за градење од предвидените, лажно прикажана прекувремена работа, неправилни унапредувања итн.

Дополнително, сторијата ги третира прашања колку јавноста се интересира за тоа како најбогатите институции ги трошат парите и зошто неправилностите ретко се забележуваат иако поголем број од нив заслужувале истрага и институционална разрешница.

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

**Комисијата одлучи да им додели пофалници за истакнат новинарски ангажман на новинарите:**

- **Зорана Гаџовска Спасовска** за сторијата *„Имотот на МПЦ и ИВЗ и даночната истрага на УЈП за нив“*, објавена на интернет-страницата на „Радио Слободна Европа“;
- **Александар Манасиев** за сторијата *„Починати, а редовно добиваат пензија“*, објавена на интернет-страницата на редакцијата на македонски јазик на „Дојче Веле“; и
- **Маја Јовановска и Сашка Цветковска,** за серијалот текстови на тема *„Кој му дели памет на премиерот“*, објавен на интернет-страницата на „Истражувачката репортерска лабораторија“ (ИРЛ).

На конкурсот што МИМ го објави по 19-ти пат, се пријавија 35 автори со 37 стории, обработени во 137 текстови/видео-прилози објавени на интернет-страници, телевизии, дневни весници и неделници.

Комисијата констатира дека со текот на годините квалитетот на новинарските истражувања постојано се подобрува. И оваа година, конкурсот изобилува со исклучително квалитетни истражувања кои темелно обработуваат различни и значајни теми од јавен интерес. Исто така, жирито смета дека е за пофалба тоа што новинарите употребуваат иновативни мултимедијални формати за претставување на истражувањата, како што се анимираните видеа.

Имајќи предвид колкави ресурси се потребни за квалитетни новинарски истражувања, жирито истакнува дека традиционалните медиуми сè уште не успеваат во целост да изградат капацитети за континуирано практикување на истражувачко новинарство. Од друга страна, и на годинешниот конкурс присутен е трендот на доминација на интернет-страниците и специјализираните центри за истражувачко новинарство, кои со поддршка од странски донатори ги реализираат своите опсежни истражувања.

Жирито потенцира дека новинарите покрај тоа што треба да водат сметка за квалитетот на информациите, исто така, треба да посветат поголемо внимание на квалитетот на текстовите, и да се обидат да избегнат шаблонизирање во однос на структурата на текстовите, нарацијата и начинот на претставување на информациите.

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

Комисијата заклучува дека и минатата година новинарите со своите истражувања во голема мера ја исполниле својата улога на „чувари на јавниот интерес“ и коректив на власта.

Наградите за најдобра истражувачка сторија МИМ ги доделува традиционално од 2001 година со цел да го поттикне и афирмира истражувачкото новинарство, како врвно достигнување во новинарската професија и чувар на демократските вредности. Од 2013 година, наградата го носи името на угледниот новинар и сопственик на неделникот „Фокус“, Никола Младенов.

Скопје, 27 Април 2020 година

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk